# СЕЛМАНИ: НОВИНАРСКА ЕТИКА НЕ СЕ РЕГУЛИРА СО ЗАКОН

05/02/2016 71 Прегледи

Ми се допаѓа Сподели 4



*Фото: ЗНМ*

Силно ја осудуваме хајката и црната кампања во медиумите против европскиот посредник Питер Ван Хауте во врска со последните предлози на СДСМ за медиумски реформи – изјави претседателот на Здружението на новинари, Насер Селмани.

Според него, ваквото однесување на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ не помага да се најде квалитетно решение за медиумските реформи.

„Со лаги и подметнувања двете партии не можат да ја сокријат нивната одбивност кон вистински рефоми во медиумите. Уште еднаш повторуваме дека предлогот на СДСМ, кој беше доставен неделава во битни делови се разликува од предлогот на посредникот Ван Хауте. СДСМ нивните лоши идеи за медиумите сака да ги препише на посредникот. Според нас, ваквото подметнување го покажува неискрениот однос на СДСМ за вистински реформи во медиумите. Одлучно сме против идејата на СДСМ новинарска етика да се регулира со закон. Да се казнуваат медиумите со глоби за прекршување на новинарската етика, е недемократска практика. Во демократски земји примената на професионалните стандарди се регулира со саморегулација во медиумите", додава Селмани

Додади коментар

**0 коментари**

Сортирај по: Најнови

Додај коментар...

Facebook Comments Plugin

## Препорачано за вас ...



Специјалното јавно обвинителство ги обжали одлуките на Кривичниот суд



Новогодишен концерт на Македонска опера и балет вечерва во МНТ



Љубе Бошковски кај Катица Јанева

Вчера издадени 4.501 потврда за азил, досега 313.656

Ахмети побара од Хан да се повтори препораката за почеток на преговори со ЕУ

Пијан маж од Свети Николе паднал по скали

Изградба на нов град во Сирија за бегалците предлага Ердоган

Граѓаните преку протест бараат полицијата да го чува крстот во Бутел

Load more posts